**УНИВЕРЗИТЕТ „СВЕТИ КИРИЛ И МЕТОДИЈ“ ВО СКОПЈЕ**
**ФИЛОЛОШКИ ФАКУЛТЕТ „БЛАЖЕ КОНЕСКИ“**
**ИНСТИТУТ ЗА МАКЕДОНСКИ ЈАЗИК „КРСТЕ МИСИРКОВ“**

Меѓународна научна конференција
# *100 ГОДИНИ ОД РАЃАЊЕТО НА ПРОФ. Д-Р РАДМИЛА УГРИНОВА-СКАЛОВСКА*

КНИГА НА АПСТРАКТИ



**Издавач:**
Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје
Филолошки факултет „Блаже Конески“

**Уредник на издавачката дејност на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“**
проф. д-р Владимир Мартиновски, декан

**Меѓународен научен одбор:**
проф. д-р Људмил Спасов, Македонија
проф. д-р Емилија Црвенковска, Македонија
проф. д-р Димитар Пандев, Македонија
проф. д-р Лилјана Макаријоска, Македонија
акад. Матео Жагар, Хрватска
проф. д-р Елена Јованова-Грујовска, Македонија
проф. д-р Катица Трајкова, Македонија
проф. д-р Виктор Савиќ, Србија
проф. д-р Искра Пановска-Димкова, Македонија
проф. д-р Роман Кривко, Австрија
проф. д-р Сања Зупчиќ, Хрватска
проф. д-р Марија Паунова, Македонија
проф. д-р Ѓоко Николовски, Словенија
проф. д-р Борче Арсов, Македонија

**Уредници:**
проф. д-р Емилија Црвенковска
проф. д-р Марија Паунова
проф. д-р Борче Арсов

**Лектура:**
проф. д-р Марија Паунова

**СОДРЖИНА**

**Гордана АЛЕКСОВА**
Старословенскиот јазик како дидактички ресурс во наставата по македонски јазик ........ 7
**Елени БУЖАРОВСКА**
Префиксот под- во современиот македонски јазик ........ 8
**Славица ВЕЛЕВА**
Глаголската префиксација како експресивно средство во прозата на Драги Михајловски (врз примери од збирката „Раскази од шести кат“) ........ 9
**Катерина ВЕЛЈАНОВСКА, Биљана МИРЧЕВСКА-БОШЕВА**
Изработка на терминолошки речник од областа на фразеологијата во контекст на современата лексикографија ...... 10
**Александра ГЕЦОВСКА**
Иницијалното *с-* кај именките и неговите варијанти (потекло, префикс, s-mobile) ........ 11
**Веселинка ЛАБРОСКА**
Осврт на сврзувачките средства во делото *Славјано-маќедонска оп̄шт̄а ист̄орија* од Ѓорѓија Пулевски ........ 12
**Васил ДРВОШАНОВ**
Говорите во Скопско низ научната призма на проф. д-р Радмила Угринова-Скаловска ........ 13
**Руска ИВАНОВСКА-НАСКОВА, Владимир МАРТИНОВСКИ, Давор ЈАНКУЛОСКИ, Марија ПАНДЕВА, Ема ЛАКИНСКА**
Обработка на фондот „Блаже Конески“ од Архивот на МАНУ: први резултати ........ 14
**Красимира ИЛИЕВСКА**
Создавање на правните норми во средновековните словенски држави ........ 15
**Давор ЈАНКУЛОСКИ**
Првите дипломски работи на Катедрата за јужнословенски јазици при Филозофскиот факултет во Скопје и нивното значење за македонската дијалектологија ........ 16

**Маќеј КАВКА**
Аспектуалноста како принцип за организација на „времето на песната“ За темпоралната специфика во поезијата на Бранко Цветкоски (*Вообразби*) ........................................ 17
**Максим КАРАНФИЛОВСКИ**
Придонесот на Радмила Угринова-Скаловска во дејноста на Семинарот (МСМЈЛК) ........................................ 18
**Бобан КАРАПЕЈОВСКИ**
Двојната определеност не е сосема двојна!? Тие статиите – од Угринова до Фридман ........................................ 19
**Александар КРСТАНОСКИ**
Богословската терминологија во „Панонските легенди“ во преводот на Радмила Угринова-Скаловска ........................................ 20
**Лилјана МАКАРИЈОСКА**
Кон корпусот за речникот на црковнословенскиот јазик од македонска редакција ........................................ 21
**Михајло МАРКОВИЌ, Соња НОВОТНИ, Мери ЦУБАЛЕВСКА**
Споредбена анализа на правописот на ѣ и ꙑ во некои средновековни македонски ракописи ........................................ 22
**Лилјана МИТКОВСКА**
Семантичка анализа на глаголскиот префикс *о(об)-* во македонскиот јазик ........................................ 23
**Ana MIHALJEVIĆ, Josip MIHALJEVIĆ**
Challenges and Solutions in the Development of the Web Version of the Dictionary of the Croatian Redaction of Church Slavonic ........ 24
**Андријана ПАВЛОВА, Борче АРСОВ**
За употребата на глаголите на *-ира* со или без префикс *из-/ис-*: емпириско истражување со родени говорители на македонскиот јазик и со големи јазични модели ........................................ 25
**Димитар ПАНДЕВ**
Ќе се чита од Светото Евангелие (во потрага по лажните пророци) ........................................ 26
**Искра ПАНОВСКА-ДИМКОВА**
Префиксот *йод-* како засилувач на хабитуалноста кај имперфективните глаголи ........................................ 27
**Ангелина ПАНЧЕВСКА**
За префиксот *йре-* во македонскиот и во полскиот јазик ........... 28

**Марија ПАУНОВА**
Кон учебниците по старословенски јазик на Радмила Угринова-Скаловска .......... 29
**Бојан ПЕТРЕВСКИ**
Изразувањето на концесијата во простата реченица во македонскиот јазик .......... 30
**Славица ПЕТРОВСКА-ЃОРЃЕВСКА**
Црковнословенските ракописи во дигиталниот свет .......... 31
**Елена ПЕТРОСКА**
Дистрибутивност и екстензивност во префиксацијата на заемени глаголи: *исйо-* и *изна-* во современиот македонски .......... 32
**Sandra POŽAR**
Model izrade digitalnoga tvorbenog rječnika crkvenoslavenskoga jezika .......... 33
**Andrea RADOŠEVIĆ**
Stvaranje hrvatskoglagoljskog animalističkog leksikona .......... 34
**Виктор САВИЋ**
Главни источнојужнословенски маркери у српскословенској писмености .......... 35
**Andrey N. SOBOLEV**
The Macedonian Dialect of Nestorio in the Atlas of the Balkan Linguistic Area .......... 36
**Људмил СПАСОВ**
Црковнословенскиот наспроти латинскиот јазик .......... 37
**Зоран СПАСОВСКИ**
Два историски модела на дијалектна диференцијација на македонскиот јазик .......... 38
**Petra STANKOVSKA**
Význam Církevněslovanského slovníku makedonské redakce pro církevněslovanskou lexikografii a lexikologii .......... 39
**Лидија ТАНТУРОВСКА**
Научната реч на проф. Радмила Угринова-Скаловска низ страниците на списанието „Македонски јазик“ .......... 40
**Искра ТАСЕВСКА ХАЏИ-БОШКОВА**
Дамаскините и нивното влијание врз македонската литература и култура од 19 век .......... 41
**Дарко ТОМОВСКИ, Мирјана ВЕЉАНОСКА-ТОМОВСКА**
Согледби за суфиксот *-јанин* (синхронија и дијахронија) .......... 42

**Станислава-Сташа ТОФОСКА**
Семантичка предвидливост во деривациските модели на префиксираните глаголи во македонскиот јазик ........................ 43
**Катица ТРАЈКОВА, Наталија АНДРИЈЕВСКА**
Кон забелешките во „Речникот на црковнословенскиот јазик од македонска редакција“ ................................................................ 44
**Емилија ЦРВЕНКОВСКА**
Регионални јазични елементи во македонските триоди од XII и XIII век ......................................................................................... 45
**Илија ЧАШУЛЕ**
Радмила Угринова-Скаловска и македонската историска лингвистика ........................................................................................ 46
**Марија ЧИЧЕВА АЛЕКСИЌ**
Семантичкото поле на глаголите со значење на работење и делување во црковнословенските текстови и нивните грчки прототипи ......................................................................................... 47

**Гордана АЛЕКСОВА**
Филолошки факултет *Блаже Конески* – Скопје
gordana.aleksova@flf.ukim.edu.mk

## Старословенскиот јазик како дидактички ресурс во наставата по македонски јазик

Трудот го разгледува старословенскиот јазик (СТСЛЈ) како историсколингвистичка појава и како значаен дидактички ресурс во современата настава по македонски јазик во основното и во средното образование.

Се анализираат методичките придобивки од историскокомпаративниот пристап, преку кој учениците полесно ги согледуваат јазичните промени, развојот на граматичките категории и лексичките слоеви во македонскиот јазик. СТСЛЈ се разгледува како средство за развивање јазична свест, подобро разбирање на јазичната норма и на лингвистичката терминологија, збогатување на лексичкиот фонд и продлабочување на знаењата од областа на културноисториското наследство, во функција на образовните наставни цели. Работните содржини се приспособени на содржините од односните наставни програми.

СТСЛЈ се поставува како функционален елемент во наставата, кој придонесува за развој на аналитичкото мислење и на јазичната култура и свесноста за историскиот континуитет на македонскиот јазик, но и како релевантен елемент на воспитните наставни цели, во правец на јакнењето на културниот и идентитетниот аспект во наставата.

Трудот има за цел да покаже дека СТСЛЈ јазик може да биде современо и применливо наставно средство на планот на тројните наставни цели, а не само предмет на теориско проучување, т.е. наставна содржина во функција на образовноста.

*Клучни зборови:* македонски јазик; старословенски јазик; настава; дидактички ресурс; наставни цели.

**Елени БУЖАРОВСКА**
Филолошки факултет *Блаже Конески* – Скопје
elenibuzarovska@t.mk

## Префиксот под- во современиот македонски јазик

Во домашната литература префиксите се дефинираат како полисемични морфеми со граматичка функција. Традиционално се смета дека покрај перфективизацијата на несвршените глаголи, префиксите го модификуваат глаголот внесувајќи различни значенски нијанси. Радмила Угринова ги толкува префиксите како показатели на т.н. видски ликови (лексички аспект или Aktionsart), во просторниот, во временскиот или во модалниот домен. На пример, основното просторно значење на **под-** е субкурзив кое означува дејство што се врши одоздола. Авторката разликува и две преносни значења: скришно дејство и дејство со помал интензитет (диминутив). Во оваа презентација ги опишуваме различните значења на **под**- од когнитивен пристап со цел да ја покажеме нивната поврзаност во единствена мрежа и развојот на преносни значења од просторните. Користејќи ги толковните речници на современиот македонски јазик собравме над 370 глаголи со префиксот **под-** и ги класифицираме според значењата. Семантичката анализата ја фокусираме на најбројната и најпродуктивната класа на глаголи што изразуваат т.н. атенуативно (диминутивно) значење.

*Клучни зборови:* префиксација; семантичка деривација; атенуативно значење, метафора; метонимија.

**Славица ВЕЛЕВА**
Филолошки факултет *Блаже Конески* – Скопје
slavicaveleva@gmail.com

## Глаголската префиксација како експресивно средство во прозата на Драги Михајловски (врз примери од збирката „Раскази од шести кат“)

Трудот е фокусиран на глаголската префиксација како стилско и изразно средство во прозата на Драги Михајловски, со посебен осврт на збирката „Раскази од шести кат“. Драги Михајловски располага со исклучително чувствителен однос кон глаголската семантика и аспектуалноста, што овозможува префиксите да се разгледуваат од зборообразувачки и од семантичко-стилистички аспект. Целта е да се истражи како префиксите покрај тоа што ја модифицираат семантиката и аспектуалноста на глаголите, создаваат ритам, стилска експресивност и психолошка длабочина во неговиот наратив.

Посебно внимание се посветува на конструкциите од типот: „се изнавреска од врескање“ и „го изнабакна од бакнување“, „се изналека од лелекање“, кои ја илустрираат интензивноста, удвојувањето на дејството и потенцијалот за разговорен или емоционален ефект. Конструкциите покажуваат како можат префиксите да ја надополнат лексичката семантика и да функционираат како динамични стилски маркери.

Анализата комбинира зборообразувачка, семантичка и стилска перспектива, истражувајќи ја границата меѓу граматичката функција и литературната улога на префиксите. Трудот ја нагласува применливоста на глаголската префиксација во современата македонска прозна литература. Преку интеграција на граматичка анализа и книжевна интерпретација, се обезбедува рамка за разбирање на префиксите како значајни носители на авторска експресивност.

*Клучни зборови:* зборообразување; глаголска префиксација; стилска експресивност; Драги Михајловски; проза.

**Катерина ВЕЛЈАНОВСКА**
Филолошки факултет *Блаже Конески* – Скопје
k.veljanovska@gmail.com

**Биљана МИРЧЕВСКА-БОШЕВА**
Филолошки факултет *Блаже Конески* – Скопје
biljana.mirchevska@gmail.com

# Изработка на терминолошки речник од областа на фразеологијата во контекст на современата лексикографија

Целта на ова излагање е да се претстави проектот „Лексикографијата како интегрален дел од филолошките науки“ во чии рамки е предвидена и изработка на мал фразеолошки речник од областа на фразеологијата. Затоа, наша задача е да се направи избор и систематизација на стручната литература, методологија за составување на лексикографските единици преку претставување на одбрани примери (фразеологија, фразема, зоонимска фразема и др.), определување на бројот на лексикографските единици, на нивната структура и опис, како и вклучување каде што се дозволува, во зависност од дефиницијата и илустративен материјал. Користени се научните методи: избор, опис и анализа, сопоставување, класификација и др.

*Клучни зборови:* терминолошки речник; фразеологија; фразема; фразеологија во потесна и во поширока смисла.

**Александра ГЕЦОВСКА**
Институт за македонски јазик *Крсте Мисирков* – Скопје
gecovska@gmail.com

**Иницијалното *с-* кај именките и неговите варијанти (потекло, префикс, s-mobile)**

Иницијалното *с-* кај именките во словенските јазици претставува сложена и недоволно истражена појава. Во славистиката големо внимание е посветено на потеклото, семантиката и функциите на глаголскиот префикс *съ-* (**sǫ-*) и неговите варијанти и деривации, додека истиот номинален префикс кај именките останува маргинално истражен, и најчесто делумно разгледуван во рамките на мал број етимолошки анализи.

Целта на овој труд е да разгледаат дел од именките со овој префикс и да се укаже на потребата од посебна анализа, која ќе ја претстави историско-етимолошката перспектива.

Тргнувајќи од компаративните податоци и соодветните етимолошки речници, трудот ги разгледува лексемите со префикс стсл. *съ-*, иницијалното *с-* кај именките, со осврт на појавите каде што тоа се јавува како префикс, а некогаш и како s-mobile. Особено внимание се посветува на потеклото, односно на прашањето што претставува и во кои варијанти (*су-*, *со-*) се појавува (префикс, s-mobile). Анализата покажува дека во одредени случаи не може убедливо да се објасни само како именски префикс, иницијалното *с-* понекогаш е резултат на историски фонетски варијации. Се разгледуваат појавите каде што почетното *с-* може да биде s-mobile, познато во индоевропската морфонологија. Преку анализата на етимолошките извори и компаративниот материјал, се покажува дека присуството или отсуството на *с-*, како и неговите варијанти не секогаш имаат дериваciска функција затоа што понекогаш може да одразуваат и постара јазична состојба. Етимологизацијата укажува и на проширувањето на семантичките слоеви на вокабуларот предизвикано од префиксацијата (свест, совест). Со тоа, трудот придонесува кон подлабоко разбирање на еволуцијата и деривацијата на именките.

*Клучни зборови:* етимологија; именски префикс *с-*; s-mobile.

**Лилјана ГУШЕВСКА**
Институт за национална историја – Скопје
lgusevska@gmail.com

**Веселинка ЛАБРОСКА**
Институт за македонски јазик *Крсте Мисирков* – Скопје
labroska_v@yahoo.com

# Осврт на сврзувачките средства во делото *Славјано-маќедонска општа историја* од Ѓорѓија Пулевски

Јазикот на делата на македонскиот преродбеник Ѓорѓија Пулевски бил предмет на истражување на повеќе македонски и странски лингвисти, но притоа не било посветено посебно внимание на неговата обемна *Славјано-маќедонска општа историја*. Оттука, во овој прилог се настојува да се направи еден општ преглед на сврзувачките средства во овој дел од *Историјата* на Пулевски, со посебен осврт на оние што имаат најголема фреквенција и на некој начин го карактеризираат неговиот начин на изразување. Во таа смисла, во анализата ќе бидат опфатени особено координациските сврзници *и*, *а*, *ама*, *ем, тики,* како и субординациските *за да, заре, оту, ка, като, ка што, ќи.* Треба да се посочи дека посебен интерес предизвикува сврзникот *а,* кој во голем број случаи не се употребува со адверсативно значење во рамките на сложена реченица, туку на почетокот од реченицата, како еден вид средство за поврзување, односно за надоврзување на претходниот текст. Во не мал број случаи во таква позиција се среќава и сврзникот *тики.* Со употребата на наведените сврзници Ѓорѓија Пулевски создава еден препознатлив авторски стил на пишување независно од литературата што ја користи, што е особено значајно имајќи предвид дека се работи за прво историографско дело напишано целосно на македонски (народен) јазик во втората половина од XIX век.

*Клучни зборови: Славјано-маќедонска општа историја*; Ѓорѓија Пулевски; македонски народен јазик; сврзувачки средства.

**Васил ДРВОШАНОВ**
Институт за македонски јазик *Крсте Мисирков* – Скопје
vasildrvoshanov@yahoo.com

## Говорите во Скопско низ научната призма на проф. д-р Радмила Угринова-Скаловска

Во овој напис предмет на анализа е монографијата *Говорите во Скопско* од проф. д-р Радмила Угринова-Скаловска. Авторот го проследува дијалектолошкото размислување на проф. д-р Угринова-Скалоска при дефинирањето на говорната состојба во Скопско. Имено, таа го употребува изразот говорите во Скопско, укажувајќи на фактот дека во Скопската Котлина се вкрстуваат повеќе говори, „така што не може да се зборува за еден единствен говор, ами за неколку говори што се меѓу себе повеќе или помалку сврзани“. Своите тези при разграничувањето на говорите во Скопско таа ги поткрепува, илустрирајќи го секој говорен тип со најкарактеристичните дијалектни црти. Ваквиот пристап на авторката во монографијата *Говорите во Скопско*, објавена во 1951 година, укажува на фактот за научнзта зрелост на младата Рада Угринова. Притоа, авторот нотира дека таа во монографијата приведува дијалектни текстови, приложува карта на говорното подрачје и ја наведува користената литература.

*Клучни зборови: Говорите во Скопско*; проф. д-р Радмила Угринова-Скаловска; дијалектни црти; фонетика; морфологија.

**Руска ИВАНОВСКА-НАСКОВА**
Филолошки факултет *Блаже Конески* – Скопје
rivanovska@flf.ukim.edu.mk

**Владимир МАРТИНОВСКИ**
Филолошки факултет *Блаже Конески* – Скопје
martinovski@flf.ukim.edu.mk

**Давор ЈАНКУЛОСКИ**
Истражувачки центар за ареална лингвистика *Божидар Видоески*, МАНУ, jankuloski@manu.edu.mk

**Марија ПАНДЕВА**
Институт за македонски јазик *Крсте Мисирков* – Скопје
marijapandeva1994@gmail.com

**Ема ЛАКИНСКА**
Институт за македонска литература
e.lakinska@iml.ukim.edu.mk

## Обработка на фондот „Блаже Конески“ од Архивот на МАНУ: први резултати

Целта на излагањето е да се претстави првата фаза од обработката на Фондот „Блаже Конески“ од Архивот „Харалампие Поленаковиќ“ при МАНУ, во рамки на проектот „Виртуелен музеј *Конески*“. Накусо ќе бидат претставени проектот, историјата на фондот и неговата состојба пред почеток на активностите. Главниот дел на излагањето е посветен на методологијата за систематизација на архивскиот материјал, на применетите страндарди за архивирање и на примери на добри практики во овој домен. Ќе биде претставен образецот за опис на архивската граѓа, со посебен акцент на класификацијата на материјалот во посебни збирки кои ја отсликуваат разновидноста на фондот. Во излагањето ќе бидат прикажани резултатите од досегашната обработка на околу 1000 архивски единици, заедно со неколку опишани архивски единици од неколку збирки. Завршниот дел од излагањето се осврнува на предизвиците во досегашната работа на фондот, како и на етапите што претстојат до целосно евидентирање, дигитализација и претставување на архивскиот материјал.

*Клучни зборови:* Конески; македонски јазик; македонска книжевност; архиви

**Красимира ИЛИЕВСКА**
Филолошки факултет *Блаже Конески* – Скопје
krasimirailievska@gmail.com

## Создавање на правните норми во средновековните словенски држави

1.Воведување на словенската писменост во црковната администрација; 2. Појава на првите правни споменици во Византија и нивно преведување и адаптирање во словенските земји; 3. Место и улога на номоканонот во правната историја; 4. Создавање на номоканонот во XIV наслови од предфотиевата редакција; 5. Прв словенски превод на номоканонот – Методиевиот номоканон: неговото место, улога и значење за подоцнежните преводи; 6. Црковно-политички прилики во Бугарија; 7. Фотиев номоканон – место, улога, распространетост; 8. Еклога; 9. Закон за судење на луѓето; 10. Светосавска крмчија и нејзиното место меѓу средновековните правни зборници; 11. Мазуринска редакција –појава, значење, распространетост; 12. Правни споменици во Македонија; 13. Заклучок

*Клучни зборови:* средновековни ракописи; право; крмчија; номоканон.

**Давор ЈАНКУЛОСКИ**
Истражувачки центар за ареална лингвистика *Божидар Видоески* – МАНУ
jankuloski@manu.edu.mk

# Првите дипломски работи на Катедрата за јужнословенски јазици при Филозофскиот факултет во Скопје и нивното значење за македонската дијалектологија

Трудот се осврнува на серијата дипломски работи објавувани во периодот 1950–1954 година на Катедрата за јужнословенски јазици при Филозофскиот факултет во Скопје (денес Катедра за македонски јазик при Филолошкиот факултет „Блаже Конески“). Во рамките на оваа едиција, насловена *Дипломски работи*, објавени се изданијата: *Поречкиот говор*, кн. 1 (1950) од Божидар Видоески, *Говорите во Скопско*, кн. 2 (1951) од Радмила Угринова, *Мариовскиот говор*, кн. 3 (1951) од Милица Конеска, *Неготинскиот говор*, кн. 4 (1952) од Илија Филипоски и *Градскиот дебарски говор*, кн. 5 (1954) од Панче Михаилов. Овие трудови се разгледуваат од аспект на нивната структура и методолошкиот пристап, при што се истакнува улогата на Блаже Конески во насочувањето на своите студенти кон систематски опис на македонските говори и значењето на оваа серија за понатамошниот развој на македонската дијалектологија. Имено, овие трудови, засновани на теренска работа и на систематска анализа на собраниот материјал, ја поставуваат основата на понатамошните истражувања на дијалектите на македонскиот јазик.

*Клучни зборови:* македонски дијалекти; едиција *Дипломски работи*; Катедра за македонски јазик.

**Маќеј КАВКА**
Uniwersytet Komisji Edukacji Narodowej w Krakowie
mk1762@poczta.onet.pl

# Аспектуалноста како принцип за организација на „времето на песната“ За темпоралната специфика во поезијата на Бранко Цветкоски (*Вообразби*)

Во истражувањата посветени на темпоралноста на поетскиот текст, глаголскиот аспект најчесто се третира маргинално, како строго граматичка категорија, ограничена на рамништето на реченицата. Меѓутоа, анализата на одделни текови во современата поезија покажува дека аспектуалноста — иако не претставува текстотворна категорија *sensu stricto* — може да извршува значајна организирачка функција во текстот, влијаејќи врз неговиот ритам, сегментација и начинот на концептуализација на времето. Целта на овој труд е да се покаже дека во поезијата на Бранко Цветкоски глаголскиот аспект претставува систематски принцип на организација на „времето на песната“, сфатено како воннаративна, процесуална форма на поетска темпоралност.

Анализата се темели врз збирката *Вообразби,* во која доследно е реализирана текстуална стратегија заснована врз доминацијата на глаголи од несвршен вид. Ова доведува до укинување на линеарноста и до создавање специфично искуство на траење.

*Клучни зборови:* аспектуалност, глаголски аспект, време на песната, поетска темпоралност, онтолошка поетика.

**Максим КАРАНФИЛОВСКИ**
Филолошки факултет *Блаже Конески* – Скопје
mkaranfilovski1@gmail.com

## Придонесот на Радмила Угринова-Скаловска во дејноста на Семинарот (МСМЈЛК)

Радмила Угринова-Скаловска зазема едно од централните и највидните места меѓу основоположниците на македонската наука за јазикот. Таа беше меѓу најактивните учесници во дејноста на Меѓународниот семинар за македонски јазик, литература и култура во неговите први 15 години, како и во научната конференција која се одржува во неговите рамки.

Во периодот од 1968 г. до 1988 г., има одржано вкупно 15 предавања на МСМЈЛК и 3 пати настапила со свои излагања на Научната дискусија. Сите нејзини настапи може да се окарактеризираат како фундаментални и стратешки важни за македонистиката воопшто и посебно за меѓународната афирмација на достигнувањата на македонската наука за јазикот и за побрзото и подостапно претставување на тие резултати во странство преку учесниците кои непосредно учествуваат во работата на Семинарот за македонски јазик, литература и култура (денес МСМЈЛК), а преку изданијата на Семинарот стануваат неопходна македонистичка литература за секоја славистичка библиотека во светот.

*Клучни зборови:* Радмила Угринова-Скаловска; Семинар; Научна конференција; македонистика.

**Бобан КАРАПЕЈОВСКИ**
Филолошки факултет *Блаже Конески* – Скопје
karapejovski@flf.ukim.edu.mk

## Двојната определеност не е сосема двојна!? Тие статиите – од Угринова до Фридман

Во македонската лингвистичка литература прашањето за определеноста, пошироко, и за т.н. двојна определеност, потесно, се јавува во извесен број трудови, почнувајќи од граматиката на Конески, преку Угринова-Скаловска, до трудовите на Тополињска и Минова-Ѓуркова и, во последниот период кај Карапејовски или, пак, во странската македонистика – со општ поглед кај Рудин и Фридман, и врз специфичен, ограничен и предизвикувачки корпус – кај Фридман,.

Кај сите терминот што се употребува е „двојна“ или „повеќекратна“ (multiple) определеност.

Нашата хипотеза е дека т.н. двојна или повеќекратна определеност, всушност, не е ниту двојна ниту повеќекратна – таа се нарекува така во литературата само од формални причини. Имено, навистина на површинско рамниште се појавуваат два (повеќе?!) експоненти на категоријата определеност, но само едниот (функционално и семантички) ја врши функцијата на определување, а другиот ја изгубил примарната семантика, тој е партикула што врши извесни прагматички функции (прагматички маркер).

Тргаме од статијата на Угринова-Скаловска од 1961 година и ги проследуваме сите варијации од теориски или корпусен тип во истражувањето на споменатата појава.

*Клучни зборови:* определеност; двојна определеност; член; показни заменки; семантика; прагматика; македонски јазик.

**Александар КРСТАНОСКИ**
ПБФ *Свети Климент Охридски* – Скопје
aleksandar.krstanoski@yahoo.com

## Богословската терминологија во „Панонските легенди“ во преводот на Радмила Угринова-Скаловска

„Панонските легенди“, т. е. житието на Свети Кирил и житието на Свети Методиј се основниот извор за животот и дејноста на светите браќа. Со оглед на нивната содржина, тие изобилуваат со богословска терминологија. Радмила Угринова-Скаловска прави превод на овие житија на стандарден македонски јазик, а теолошката терминологија во него е особено вредна за научно иследување. Споредбата на богословската терминологија ќе се врши помеѓу преводот на Угринова-Скаловска и изданието „Constantinus et Methodius Thessalonicenses: fontes“, подготвено од Франц Гривец и Франц Томшич и издадено во Загреб во 1960 година, кое и самата го користела како основа за превод од црковнословенски јазик.

*Клучни зборови:* богословска терминологија; *Панонски легенди*; превод, црковнословенски јазик.

**Лилјана МАКАРИЈОСКА**
Институт за македонски јазик *Крсте Мисирков* – Скопје
makarijoska@yahoo.com

## Кон корпусот за речникот на црковнословенскиот јазик од македонска редакција

Почетоците на работата на Речникот на црковнословенскиот јазик од македонска редакција (РЦЈМР) се поврзува со заложбите на проф. Р. Угринова-Скаловска за обезбедување на неопходната материјална база, односно за определување на изворите за Речникот што ги одразуваат јазичните особености на македонската редакција, како и за дефинирањето на методолошките постапки за ексцерпцијата и лексикографската обработка. Според ширината на опфатот РЦЈМР го проширува лексикографски документираниот лексички фонд на црковнословенскиот јазик, донесувајќи нов поглед на старословенската лексика од аспект на грчките оригинали, како и од аспект на богатството на старословенската синонимија, зборообразувачките особености и сл. Во речникот се потврдени ретки лексеми, нови зборообразувачки варијанти, сложенки итн. како и нови можности за определување на семантичката структура на одделни лексички единици.

*Клучни зборови:* црковнословенски јазик; македонска редакција; историска лексикографија; ракописи; речник.

**Михајло МАРКОВИЌ**
Универзитет во Тетово – Филолошки факултет
mihailo.markovic@unite.edu.mk

**Соња НОВОТНИ**
Универзитет во Тетово – Филолошки факултет
sonja.novotni@unite.edu.mk

**Мери ЦУБАЛЕВСКА**
Институт за македонски јазик *Крсте Мисирков*
m.cubalevska@yahoo.com

# Споредбена анализа на правописот на ѣ и ꙑ во некои средновековни македонски ракописи

Правописот на ѣ и ꙑ, е едно од поважните јазични прашања во рамките на македонските црковнословенски текстови од XII–XIV век, а правописните појави на овие нацрти во нив се оценуваат како дистинктивни одлики за сите или за група ракописи. Овие два гласа ги ставаме во една група поради тоа што за нив заедничка одлика претставува фактот дека ниеден од нив не се задржал доследно на своето етимолошко место и дека меѓусебно се мешаат. Имено, статијата што е предмет на наша работа ќе опфати приказ и анализа на правописот на ѣ и ꙑ во неколку старословенски ракописи со македонска црковнословенска редакција. Ќе бидат опфатени Трескавечкиот еухологиум, Прологот бр. 72, Ваташкиот минеј, Слоештичкиот патерик, Верковиќевиот апостол и Слепченскиот патерик. Не случајно избравме различни жанрови на македонската средновековна книжевност, бидејќи преку ексцерпија и анализа на одделни лексички единици ќе се обидеме да дадеме приказ на правописот и на употребата на предметните нацрти во секој ракопис одделно.

*Клучни зборови:* правопис; македонски; црковнословенски; ракописи; лексеми.

**Лилјана МИТКОВСКА**
liljana55@yahoo.com

# Семантичка анализа на глаголскиот префикс *о(об)-* во македонскиот јазик

Во трудот се разгледува семантичката мрежа на значења на глаголите со префиксот *о(об)-* во македонскиот јазик. Истражувањето се надоврзува на темелните поставки на Радмила Угринова, чија монографија *Значењата на глаголските префикси во македонскиот јазик* ја постави основата на систематските истражувања на глаголското зборообразување во македонистиката. Анализата на Угринова се фокусира на лексичкото значење што им се придава на глаголите со одреден префикс, при што како основни се земаат просторните значења, а поапстрактните како изведени од нив.

Емпириската анализа на нашето истражување за глаголите со префиксот *о(б)-* се темели на корпус од околу 370 префиксирани глаголи ексцерпирани од „Официјалниот дигитален речник на македонскиот јазик“. Како теориска рамка се применува когнитивниот пристап кон концептуалната организација на полисемичките мрежи на значења (Janda 1986; Langacker 1991; Talmy 2000), според кој значењата се организирани како радијални категории што се разгрануваат од прототипното значење и се поврзани со различни когнитивни процеси и апстрактни шематски репрезентации. Целта на истражувањето е да се идентификуваат значенските варијанти на глаголите со *о(об)-* и односите меѓу нив, при што се предлага дека тие се организирани околу прототипот ‘кружно движење’, во согласност со резултатите за повеќе словенски јазици (на пр. за руски Endresen 2013; за хрватски и бугарски Šarić, Nedelcheva 2015; за српски Миљковић 2021). Во трудот се разгледуваат честотата и семантичката структура на поединечните подгрупи, нивните меѓусебни врски, како и проблемите на класификација, стилската разновидност и современите развојни тенденции. Ова истражување се надоврзува на работата на Угринова, нудејќи когнитивно мотивирана интерпретација на префиксираните глаголи во македонскиот јазик.

*Клучни зборови:* зборообразување; когнитивна лингвистика; семантички мрежи; радијални категории; прототип.

**Ana MIHALJEVIĆ**
The Old Church Slavonic Institute, Zagreb
amihaljevic@stin.hr

**Josip MIHALJEVIĆ**
The Old Church Slavonic Institute, Zagreb
jmihaljevic@stin.hr

## Challenges and Solutions in the Development of the Web Version of the Dictionary of the Croatian Redaction of Church Slavonic

The Old Church Slavonic Institute is the central institution in Croatia dedicated to the study of Croatian Church Slavonic and the Croatian Glagolitic script. Since 1958, its main project has been the *Dictionary of the Croatian Redaction of Church Slavonic*, based on around sixty Glagolitic sources (11$^{th}$ to the 17$^{th}$ centuries). The Dictionary currently consists of 23 fascicles with words from A to I. The dictionary entry includes five languages (Croatian Church Slavonic, Latin, Greek, modern Croatian, and English) and four scripts (Angular Glagolitic, Old Cyrillic, Latin, and the Greek alphabet) and has a very rich microstructure.

A web version is currently being developed through the project *Development of the Digital Infrastructure Model of the Old Church Slavonic Institute* (DigiSTIN). This paper presents the technical solutions implemented using the open-source WordPress platform, chosen for its extensive customization capabilities. A primary challenge was that many fascicles exist only as image-based PDFs, making OCR processing for multiple scripts harder. Standard tools like ABBYY FineReader proved insufficient. Consequently, a semi-automatic solution was developed using AI models (Qwen and Gemini 3), which recognized letters and diacritics with high accuracy, although Glagolitic still required manual transcription.

Dictionary entries were structured with the Pods plugin using fields with various input types for advanced search and computational processing. Additionally, each entry is linked directly to the corresponding PDF page of the original printed fascicle. In this presentation, we will show how the ongoing technological progress continues to expand possibilities and accelerate the digitization of our complex dictionary.

*Клучни зборови/Keywords:* AI models; dictionary data structures; digital lexicography; Glagolitic script; Old Church Slavonic.

**Андријана ПАВЛОВА**
Институт за македонски јазик *Крсте Мисирков* – Скопје
andrijana_pavlova@yahoo.com

**Борче АРСОВ**
Институт за македонски јазик *Крсте Мисирков* – Скопје
borcea@imj.ukim.edu.mk

# За употребата на глаголите на *-ира* со или без префикс *из-/ис-*: емпириско истражување со родени говорители на македонскиот јазик и со големи јазични модели

Префиксацијата на глаголите е жив и динамичен процес во македонскиот јазик. Постојат бројни проучувања на значењата на префиксот *из-/ис-* во македонскиот јазик и во другите словенски јазици (Угринова-Скаловска, Тофоска, Пановска-Димкова, Марковиќ, Миљковиќ, Стојановиќ). Особено внимание привлекува префиксацијата на двовидските глаголи на *-ира/изира*. За целите на овој труд ќе направиме најнапред преглед во однос на застапеноста на глаголи од овој вид во ТРМЈ, а потоа ќе спроведеме и анкета со родени говорители на македонскиот јазик, чија задача ќе биде да проценат во кои контексти и со кои глаголи на *-ира/-изира* е поприфатлива употребата на префиксираната варијанта на глаголот со *из-/ис-* во однос на непрефиксираниот глагол. Во прашањата ќе бидат опфатени и глаголи коишто не се застапени во ТРМЈ. Воедно, ќе тестираме и неколку јазични модели, поставувајќи им ги истите прашања како и на испитаците. Истражувањето, од една страна, ќе ни помогне за да добиеме појасна слика во однос на проширувањето на употребата на префиксираните глаголи од овој вид, а од друга страна, ќе добиеме увид во расудувањето и на големите јазични модели во поглед на ова прашање.

*Клучни зборови:* префикс *из-/ис-*; глаголи на *-ира*; евалуација; родени говорители на македонскиот јазик; големи јазични модели.

**Димитар ПАНДЕВ**
Филолошки факултет *Блаже Конески* – Скопје
d.pandev@flf.ukim.edu.mk

## Ќе се чита од Светото Евангелие (во потрага по лажните пророци)

Во рефератот се разгледуваат текстовите во учебникот на Радмила Угринова-Скаловска „Старословенски јазик“ (УКИМ, Скопје, прво издание, 1970 г.) како стимул за понатамошни проучувања во палеославистиката од позиции на функционалната и на когнитивната лингвистика, при што нагледно се врши споредбена анализа на текстот од Матеј 7. 15-21 низ различни црковнословенски текстови што семиотички би упатувале на средновековната концепција на „лажните пророци“.

*Клучни зборови:* текст; проповед, дискурс; синаксар; пролог.

**Искра ПАНОВСКА-ДИМКОВА**
Филолошки факултет *Блаже Конески* – Скопје
ipdimkova@gmail.com

## Префиксот *йод-* како засилувач на хабитуалноста кај имперфективните глаголи

Префиксот ***йод-*** во македонскиот јазик е продуктивен зборообразувачки елемент и кај именските зборови и кај глаголите. Познато е дека префиксот *йод-* кај глаголската деривација изразува вршење на глаголското дејство во мала мера.

Во трудот се разгледува влијанието на овој префикс врз зголемувањето на склоноста на глаголите за реализирање во неактуелен контекст, а со тоа и за изразување на хабитуалната видска категорија. Префиксот *йод-* кај глаголите што ни се предмет на интерес е без видска вредност, но внесува лексичко значење, најчесто адвербијално: *йодзаработува, йодзабошотува, йодизбива, йодизгрева, йодзавршува, йодисчезнува* и др.

Во трудот ќе се осврнеме и на комбинациите на префикси што како прва компонента го имаат префиксот *йод-*, а за изразување хабитуалност. Тука ќе дојдат во комбинација пред сè префиксите *за-* и *из-*. Комбинацијата *йодза-* освен со значењето 'по малку, во мала мера' е наведена со значењето 'одвреме-навреме' и во Толковниот речник на македонскиот јазик.

Префиксот *йод-* особено го засилува врзувањето со неактуелен контекст додаден на глагол со суфиксот *–н*: *йоддувнува, йодлегнува, йодлетнува, йотседнува*.

Со овој труд ќе покажеме дека префиксот *йод-* претставува значаен морфолошки показател за изразување на хабитуалната семантика во македонскиот глаголски систем.

*Клучни зборови:* македонски јазик; глаголи; префиксација; хабитуалност; глаголски вид.

**Ангелина ПАНЧЕВСКА**
Истражувачки центар за ареална лингвистика *Божидар Видоески*, МАНУ
angelina@manu.edu.mk

## За префиксот *пре-* во македонскиот и во полскиот јазик

Во текстот се разгледува префиксот *пре-* во македонскиот и во полскиот јазик од неколку аспекти. Се обрнува внимание на неговото потекло, бидејќи тоа дава појдовна точка за анализата. Понатаму се разгледува неговото значење, како и неговата употреба во двата јазика, што значи се анализира од семантички и од функционален аспект. Овој префикс најчесто се поврзува со глаголи, но ќе видиме во која мера се поврзува и со други видови зборови. Спроведената анализа ќе овозможи да се согледаат разликите и сличностите во употребата на овој префикс во двата сродни јазика.

*Клучни зборови:* префикс; пре-; македонски јазик; полски јазик.

**Марија ПАУНОВА**
Филолошки факултет *Блаже Конески* – Скопје
marija.paunova@flf.ukim.edu.mk

## Кон учебниците по старословенски јазик на Радмила Угринова-Скаловска

Радмила Угринова-Скаловска има исклучителен придонес како наставник, научник, педагог, општествен работник... Од нејзината професорска дејност остануваат учебниците по предметите што ги предавала: *Старословенски јазик* и *Споредбена граматика на словенските јазици.*
Предмет на овој труд се учебниците по старословенски јазик изработени од професорката Радмила Угринова- Скаловска. Акцентот е ставен на учебникот по старословенски јазик изготвен од професорката, а наменет за учениците од средното насочено образование (1986). Го сместуваме во суштинските наставни единици при предавање и изучување старословенки јазик и на универзитетско ниво.

*Клучни зборови:* учебници; старословенски јазик.

**Бојан ПЕТРЕВСКИ**
Филолошки факултет *Блаже Конески* – Скопје
bojan_petrevski@flf.ukim.edu.mk

## Изразувањето на концесијата во простата реченица во македонскиот јазик

Во трудот се разгледува изразувањето на концесијата во простата реченица во македонскиот јазик, при што се тргнува од тоа како се претставува во неговите граматички описи, но и во лингвистичката литература воопшто. Иако се зема предвид, пред сè, простата реченица, начелно, се претставуваат и описите на нејзиното изразување во сложената. Во таа смисла, се разгледува и прашањето зошто изразувањето на концесијата во сложената реченица е повеќе претставено одошто во простата.

Целта е да се изложат најтипичните, но и помалку типичните механизми на изразувањето на концесијата во простата реченица во македонскиот јазик. Притоа, се тргнува од нејзиното најексплицитно изразување, со именските синтагми воведени со предлошки изрази специјализирани токму за концесивни значења, по кои се разгледуваат синтагмите со предлози што во повеќето случаи изразуваат други значења.

Во трудот се разгледува и имплицитната концесија, која не е изразена со какви и да се експоненти, туку се изведува од аргументативните релации меѓу семантичките единици. Во тој контекст, се анализира изразувањето на концесијата со (глаголски) прилози и придавски конструкции, како и имплицитните концесивни релации меѓу предикатот и неговите аргументи во некои случаи. На тоа прашање се надоврзуваат општите карактеристики на двозначните секвенции, кои, покрај примарните значења (просторни, временски итн.), имаат концесивна нијанса.

Се заклучува дека т.н. прилошки определби за допуштање се само еден од начините на изразување на концесијата во простата реченица. Таа е семантички најкомплексната каузална релација, а нејзиното претставување во еден граматички опис може да послужи како модел во врска со другите релации.

*Клучни зборови:* концесија; проста реченица; сложена реченица; значења; граматика.

**Славица ПЕТРОВСКА-ЃОРЃЕВСКА**
Институт за македонска литература
s.petrovska-gjogjevska@iml.ukim.edu.mk

## Црковнословенските ракописи во дигиталниот свет

Темата на ова излагање ќе биде насочена кон проучувањето на црковнословенските ракописи од македонска редакција со помош на современите дигитални методи. Проучувањето вклучува совре-мени теориски и методолошки пристапи кои ги нуди дигиталната хуманистика (примена на техниките *HTR – Handwritten Text Recognition*/Препознавање на рачно напишан текст, *OCR – Optical Character Reco-gnition*/Оптичко препознавање на знаци итн.) со цел, трансформација на ракописите од уникатни матери-јални објекти во дигитални корпуси за анализа. Во таа насока фокусот е ставен врз проучувањето на ракописното наследство преку примена на нови методи на анализа на текстовите, користење на дигиталните архиви и библиотеки, како и развој на нови пристапи за нивна интерпретација и презентирање во дигитален формат.

*Клучни зборови:* црковнословенски ракописи; дигитална хуманистика; дигитална текстолошка анализа; дигитална кодиколошка анализа.

**Елена ПЕТРОСКА**
Филолошки факултет *Блаже Конески* – Скопје и
Државен Универзитет Монтана, САД
elenapetroska@gmail.com

## Дистрибутивност и екстензивност во префиксацијата на заемени глаголи: *испо*- и *изна*- во современиот македонски

Овој труд ја истражува интеракцијата меѓу префиксните комбинации и новопозајмените (англиски) глаголи во современиот македонски јазик, со фокус на контрастот меѓу ***испо***- и ***изна***-. Врз основа на прифатливи примери што се користат во дигиталниот дискурс, се тврди дека изборот на префикс кај англиските заемки е условен од типот на глаголот и структурата на настанот, а не од неговото лексичко потекло. Дистрибутивно-сеопфатната комбинација ***испо***- продуктивно се прикачува на предикати со **множествена референција**, меѓу кои и повторливи предикати (на пр. *испоскрола, исполајка, испоблокира*), означувајќи завршеност распределена врз повеќе објекти (објави, профили, пораки). Наспроти тоа, ***изна***- најчесто се комбинира со предикати што означуваат активност и дава екстензивна/квантитативна интерпретација (на пр. *изнаскрола, изнаѓуѓла*) без импликација на исцрпување на множеството објекти. Анализата покажува дека заемените глаголи се целосно интегрирани во македонската аспектуална структура и дека изворните дистрибутивни разлики активно се пренесуваат во нови домени на употреба. Селективната префиксација дава доказ за структурно водено заемање и го истакнува дигиталниот дискурс како продуктивно место за проширување на аспектуалните модели.

*Клучни зборови:* префиксација; аспект; *испо*-; *изна*-.

**Sandra POŽAR**
Staroslavenski institut, Zagreb
sudec@stin.hr

## Model izrade digitalnoga tvorbenog rječnika crkvenoslavenskoga jezika

U dosadašnjim paleoslavističkim istraživanjima digitalna obrada jezičnih korpusa još nije obuhvatila razinu tvorbe riječi. Na hrvatskome crkvenoslavenskom korpusu digitalna obrada tvorbe riječi počela se provoditi na pridjevima, i to u okviru institucijskoga projekta Staroslavenskoga instituta s financijskom potporom Europske unije (fond NextGeneration EU). Predmet je projekta digitalna baza pridjevske tvorbene morfologije, a rezultat će biti tvorbeni rječnik pridjeva. Bazom se usustavljuju podaci dobiveni iz doktorske disertacije o pridjevskoj tvorbenoj morfologiji (Sudec 2010.), uz oslanjanje na ranije digitalne projekte Staroslavenskoga instituta (baza beram.stin.hr Znanstvenoga centra izvrsnosti za hrvatsko glagoljaštvo). Baza omogućuje pregledno prikazivanje tvorbenih podataka koji će biti javno dostupni, te daljnja istraživanja, a pri planiranju baze predviđena je i mogućnost njezine nadogradnje za druge vrste riječi (u prvome redu za imenice i glagole). U izlaganju će se predstaviti rad na stvaranju baze, prikazati sučelje za pretraživanje, koje omogućuje korisnicima pregled tvorbenih podataka prema odabranim parametrima (tvorbeni način, sredstvo, osnovna riječ, podrijetlo osnove itd.) i skrenuti pozornost na metodološka pitanja koja proizlaze iz same problematike tvorbe riječi, ali i na ona koja se pojavljuju pri digitalnoj obradi tvorbenih podataka.

*Клучни зборови/Ključne riječi:* hrvatski crkvenoslavenski jezik; tvorba riječi; pridjevi; tvorbeni rječnik; digitalna obrada.

**Andrea RADOŠEVIĆ**
Staroslavenski institut, Zagreb
aradosevic@stin.hr

## Stvaranje hrvatskoglagoljskog animalističkog leksikona

Hrvatskoglagoljska animalistička građa iznimno je bogata i raznovrsna te sadržava različite leksičke slojeve. Dosad je leksikografski donekle obrađena uglavnom ona građa koja čini temeljni korpus *Rječnika crkvenoslavenskoga jezika hrvatske redakcije*, i koja je glavno izvorište za utvrđivanje crkvenoslavenskoga sloja; te korpus *Akademijina rječnika* koji, govorimo li o glagoljskim tekstovima, čine samo tiskana glagoljska izdanja, i koji je još uvijek osnovni izvor za poznavanje starijeg hrvatskoga jezika.

Na Staroslavenskom institutu stoga je 2024. pokrenut institucijski projekt *Hrvatskoglagoljski animalistički leksikon* (NextGeneration EU) u sklopu kojeg se na znatno opsežnijoj glagoljskoj građi prikupljaju i analiziraju animalistički leksemi. Glagoljski je korpus proširen na rukopisne zbornike nastale između 14. i 16. st., zbirke propovijedi, pravne dokumente, te digitalno obrađene liturgijske spomenike (misali i brevijari u bazi *beram.stin.hr*) koji nisu bili dijelom korpusa *Rječnika crkvenoslavenskoga jezika*. Očekuje se da će taj znatno prošireni i digitalno obrađeni korpus biti doprinos hrvatskoj povijesnoj leksikografiji.

Digitalna baza glagoljskoga animalističkoga leksikona (HAL) u krajnjem obliku sadržavat će natuknicu u kojoj se tumači značenje te donose paralele i odabrani primjeri; transliteraciju odlomka/čitanja u kojem se leksem pojavljuje; te opisan kontekst pojavljivanja leksema. Cilj je da digitalna baza HAL omogući daljnja istraživanja glagoljskoga bestijarija i animalističkih leksema u kontekstu slavenske leksikografije uopće.

*Клучни зборови/Ključne riječi*: animalistički leksikon; hrvatskoglagoljska književnost; bestijarij.

**Виктор САВИЋ**
Филолошки факултет Универзитета у Београду и Институт за српски језик САНУ
viktor.savic@isj.sanu.ac.rs

## Главни источнојужнословенски маркери у српскословенској писмености

У раду се истражују главне црте по којима се препознаје источнојужнословенска подлога на којој је обликован српски тип црквенословенског језика, посведочен на почетку зрелога средњег века. Покушава се утврдити шта је у тим цртама стабилно, а шта је привременог карактера, и тражи се објашњење таквим појавама.

*Клучни зборови/Кључне речи:* историја језика, српскословенска писменост, старословенски – црквенословенски језик, источнојужнословенски маркери.

**Andrey N. SOBOLEV**
Institute for Linguistic Studies, Russian academy of sciences
andrey.n.sobolev@mail.ru

## The Macedonian Dialect of Nestorio in the Atlas of the Balkan Linguistic Area

The dialect of the village of Nestorio – a Balkan Slavic idiom unique in its linguistic features and sociolinguistic situation, located in Greek Western Macedonia (and documented by B. Vidoeski, R. Schmieger, Z. Topolińska, and others) – has been incorporated into the Atlas of the Balkan Linguistic Area (https://abla.cnrs.fr/). Its inclusion serves to illustrate the extreme degree of Balkanization on the southwestern periphery of the Macedonian language, the adaptability of the Slavic linguistic type, the influence of inherited linguistic features on the outcomes of language contact, and the implicational relationships between linguistic categories in a contact situation. The Atlas is an online database documenting contact phenomena across Balkan languages. It maps approximately 100 phonological, morphosyntactic, semantic, lexical, and sociolinguistic features across 60 languages and dialects. Among the sources for the dialect data, the author's own field recordings from Nestorio play a particularly significant role.

The paper provides a synchronic analysis of the dialect across multiple levels of linguistic structure – lexicon and borrowings, the noun phrase, the simple sentence, the verb phrase, complex sentences, as well as phonetics and phonology. Conclusions are drawn regarding the dialect's place within both the Balkan Slavic and the wider Balkan linguistic area.

*Клучни зборови/Keywords:* Macedonian language; dialects of Macedonian; Greek Western Macedonia; linguistic atlas; Balkan Linguistic Area.

**Људмил СПАСОВ**
Филолошки факултет *Блаже Конески* – Скопје
ljspasov@ukim.edu.mk

# Црковнословенскиот наспроти латинскиот јазик

Во денешно време многу луѓе го сметаат латинскиот јазик како мртов оти не се употребува во секојдневната комуникација, освен во Ватикан. Но, ако се задлабочиме во прашањето, мораме да разбереме дека голем број научни дисциплини и денес, делумно или целосно, се служат цо него: медицина, ветерина и др.

Латинскиот јазик се наоѓа во основата на современата научна, техничка и сета друга терминологија.

Црковнословенскиот јазик уште од своите почетоци е наменет за употреба во сферата на религијата. Но, ретко или воопшто не се среќава во својот канонски вид во црковната служба. Речиси од својот почеток како писмен јазик тој развива варијанти темелени на живиот јазик. Од тие варијанти постепено се развиваат современите писмени јазици на словенските народи. Можеби најблиска на неговата световна употреба е т.н. *сербскославјански* писмен јазик, но и тој проект е прекинат со акцијата на В. Караџиќ. Затоа, од црковно(старо)словенската многу рано почнуваат да се развиваат современите литературни јазици на словенските народи, додека од латинскиот јазик овој процес трае многу подолго. Од друга страна, од употребата (каква-таква) на црковнословенскиот јазик како световен и од развојот на современите писмени јазици на словенските народи се отворил несакан процес на хегемонизам од еден врз друг современ литературен словенски јазик, на пример чешкиот во однос на словачкиот, српскиот во однос на хрватскиот, бугарскиот во однос на македонскиот и сл.

*Клучни зборови:* словенски јазици; црковнословенски јазик; јазичен хегемонизам; народен јазик.

**Зоран СПАСОВСКИ**
Институт за македонски јазик *Крсте Мисирков* – Скопје
spasovski@imj.ukim.edu.mk

## Два историски модела на дијалектна диференцијација на македонскиот јазик

Неодамнешни истражувања на македонските етногенетски групи и дијалекти, особено на теренот на *Река* како погранична област меѓу *Македонија* и *Албанија* (*Спасовски и Богдановска 2025*), покажуваат интересна дијалектна распределба во рамките на традиционално опишаните македонски дијалекти. Според тие истражувања, во *Долна Река* се издвојува еден компактен и релативно хомоген дијалект (*галичкиот*), додека во *Горна Река* се среќава група мешани говори, формирани како последица на доселувања од различни околни региони (*Црна Гора*, *Гора*, *Голо Брдо*, *Мат*/*Булќиза* и др.; *Мирчевска* 2007: 138-237).

Подетална анализа сепак укажува на тоа дека меѓу овие мешани дијалекти, доселениците од албанските краишта — препознатливи по својот говор познат на терен како „Естовци“ — носат уникатен дијалектен тип, претходно познат како реликтен само во селата *Дреновени* и *Бобошчица* во *Албанија*. Од друга страна пак, *галичкиот дијалект* според Белиќ (1935: 26) покажува блискости со *костурскиот говор*. Споредбата на говорот на ова доселено население со *галичкиот дијалект*, како и следењето на миграциите опишани кај Белиќ во *Галички дијалекат* (1935), упатуваат на постоење на два различни дијалектни типа: (1) *галичкиот*, кој покажува блискост со костурскиот дијалектен ареал, и (2) говорот на „Естовците“, кој во повеќе структурални сегменти покажува континуитет со старословенскиот јазик.

Овие податоци, дополнети со споредба на териториите на старите словенски кнежевства (6–8 век) и современата дијалектна карта, укажуваат дека можеби се работи за две соседни, историски јасно разграничени македонски дијалектни области.

Трудот ќе понуди споредбена анализа на овие два дијалектни типа и ќе го постави прашањето за нивната улога во реконструкцијата на старите словенски и македонски јазични слоеви.

*Клучни зборови:* дијалектни типови; македонски дијалекти; галички говор; албански словенски говори; миграции и етногенеза.

**Petra STANKOVSKA**
Filozofska fakulteta Univerze v Ljubljani, Ljubljana
Petra.stankovska@ff.uni-lj.si

## Význam Církevněslovanského slovníku makedonské redakce pro církevněslovanskou lexikografii a lexikologii

V příspěvku se pokusíme zhodnotit materiál, který přináší a zpracovává Slovník církevněslovanského jazyka makedonské redakce. Budeme brát zřetel na dobu vzniku jeho koncepce a tehdejší stav bádání, ústřední pozornost však bude věnována současné situaci, podmínkám a potřebám výzkumu v oblasti církevněslovanské lexikologie.

*Клучни зборови/Klíčová slova:* slovník; lexikon; církevní slovanština; staroslověnština.

**Лидија ТАНТУРОВСКА**
Институт за македонски јазик *Крсте Мисирков* – Скопје
lidijatanturovska@yahoo.com

## Научната реч на проф. Радмила Угринова-Скаловска низ страниците на списанието „Македонски јазик“

Списанието „Македонски јазик“, како што е познато, првин почнува да излегува како Билтен на Катедрата за јужнословенски јазици при Филозофскиот факултет – Скопје, до 1954 година, а оттогаш до денес – како Орган на Институтот за македонски јазик „Крсте Мисирков“ – Скопје, што е еквивалент за богата научна библиографија за македонскиот јазик и за македониситката, воопшто.
Во првиот број од списанието „Македонски јазик“, во 1950 година, е објавен и првиот научен текст од професорката Радмила Угринова (Радмила Угринова-Скаловска) – „Македонскиот јазик во нашите средни училишта“. Низ страниците на списанието „Македонски јазик“ се сретнуваат 33 текста, пред сè – статии, потпишани со името на проф. Угринова-Скаловска. Последнообјавен текст на професорката Угринова-Скаловска е приказот на изданието „Старословенска читанка“ од Емилија Црвенковска со наслов „Нова старословенска читанка (Кон изданието ʻСтарословенска читанкаʻ од Емилија Црвенковска), („Македонски јазик“ XLVI, 305–306) во 2015 година, со што се заокружува 65-годишната заедничка научна „дружба“ меѓу проф. Угринова-Скаловска и списанието „Македонски јазик“.

Токму поради тоа, идејата е, по овој повод, да се осврнеме на научните трудови на проф. Радмила Угринова-Скаловска, објавени во списанието „Македонски јазик“, чија лепеза од теми (од историјата на македонскиот јазик до современата состојба на македонскиот стандарден јазик) е вградена во македонскиот јазик и во македонистиката воопшто, а претставува дел од научниот багаж на проф. Угринова-Скаловска.

*Клучни зборови:* „Македонски јазик“; проф. Радмила Угринова-Скаловска; статии.

**Искра ТАСЕВСКА ХАЏИ-БОШКОВА**
Филолошки факултет *Блаже Конески* – Скопје
iskra.tasevska@flf.ukim.edu.mk

## Дамаскините и нивното влијание врз македонската литература и култура од 19 век

Во рефератот се истражува и се потцртува значењето на дамаскините, како текстови кои оставаат силен печат врз македонската литература и култура од 19 век. Тоа недвосмислено води кон увид во придонесот на Радмила Угринова-Скаловска за објавување на овие текстови во македонската средина, бидејќи во тоа издание таа ги дополнува текстовите од Дамаскин Студит со свој оглед за влијанието и развојот на т.н. дамаскинарска традиција во македонската култура. Пристапот во рефератот подразбира работа на конкретен текст од Дамаскин Студит и негово суштинско сопоставување со текст/текстови од македонскиот 19 век, со цел да се покаже исклучителната важност на дамаскинарската традиција за македонската литература и култура. Се очекува истражувањето да покаже како работата на Угринова-Скаловска влијаела и влијае на современите анализи, поставувајќи го проблемот на дамаскинарската традиција во една поширока, културолошка перспектива, која не ги пренебрегнува историските анализи, туку ги користи како појдовна точка за изведување на втемелени и научно потврдени аргументи и ставови. Тоа особено се однесува на стојалиштето на Угринова-Скаловска за творењето во духот на ренесансните идеи во Македонија, кое го поврзува токму со влијанието и со преведувањето на зборникот „Сокровиште“ од Дамаскин Студит.

*Клучни зборови:* дамаскини; Радмила Угринова-Скаловска; македонска литература од 19 век; културни поттици и влијанија.

**Дарко ТОМОВСКИ**
Институт за македонски јазик *Крсте Мисирков* – Скопје
darkotomovski@gmail.com

**Мирјана ВЕЉАНОСКА-ТОМОВСКА**
Институт за македонски јазик *Крсте Мисирков* – Скопје
mirjanave026@gmail.com

## Согледби за суфиксот *-јанин* (синхронија и дијахронија)

Предмет на анализа во овој труд е зборообразувачкиот суфикс -*јанин*, кој според нас, досега не бил предмет на доволно систематска обработка, како од современ аспект, така и од историски аспект. Во трудот најпрво ја разгледуваме продуктивноста на суфиксот *-јанин* во македонскиот стандарден јазик и во македонските дијалекти, а потоа и неговата употреба на дијахрониско рамниште, односно ја бележиме неговата застапеност во повеќе црковнословенски писмени споменици. Понатаму, правиме анализа на ексцерпираниот материјал и притоа донесуваме заклучоци: за разликите во продуктивноста на суфиксот на синхрониско и на дијахрониско рамниште, за тоа од какви основи се изведуваат дериватите со овој суфикс, и како најважен заклучок во овој труд, каква сè семантика носат зборовите изведени со суфиксот *-јанин*, исто така, и на синхрониско и на дијахрониско рамниште. Како потврда на тезите што ги изнесуваме во овој труд, во прилог даваме примери и анализи за продуктивноста на суфиксот *-јанин* и во други словенски јазици.

*Клучни зборови:* суфиксот *-јанин*; зборообразување; семантика; црковнословенски јазик; македонски јазик.

**Станислава-Сташа ТОФОСКА**
Филолошки факултет *Блаже Конески* – Скопје
stofoska@yahoo.com, stofoska@flf.ukim.edu.mk

# Семантичка предвидливост во деривациските модели на префиксираните глаголи во македонскиот јазик

Овој труд се занимава со глаголскиот вид и префиксалната деривација во македонскиот јазик и има цел да ги посочи семантичките релации меѓу видското значење на основниот глагол, типот на ситуација што тој ја означува и изборот на префикси со кои се изведуваат глаголи со различни видски значења. Поконкретно, во трудот се застапува ставот дека деривациските модели со префикси и семантичките типови на глаголски предикати во македонскиот јазик покажуваат висок степен на семантичка предвидливост и регуларност.

Појдовна теориска рамка за анализата е семантичката теорија за аспектот на Станислав Каролак, според која глаголскиот вид (аспектот) е дел од лексичкото значење на сите глаголски предикати, а според која постојат повеќе видски значења, за разлика од традиционалниот морфолошки пристап кој разликува само несвршен и свршен вид.

Во фокус на анализата е префиксацијата на глаголите што се прототипно, морфолошки несвршени и кои, во рамките на оваа теориска поставка, им припаѓаат на различни видски класи (континуативни, телични, мултипликативни итн.). Целта на трудот е да се утврдат доминантните модели на префиксација низ различните глаголски класи и значењата што тие префикси ги внесуваат во дериватите.

*Клучни зборови:* префиксна деривација; глаголи; аспект; типови предикати; семантика.

**Катица ТРАЈКОВА**
Институт за македонски јазик *Крсте Мисирков* – Скопје
katicatrajkova@yahoo.com

**Наталија АНДРИЈЕВСКА**
Институт за македонски јазик *Крсте Мисирков* – Скопје
natalijaandrijevska@yahoo.com

# Кон забелешките во „Речникот на црковнословенскиот јазик од македонска редакција“

Предмет на овој труд се забелешките кон речничките статии во „Речникот на црковнословенскиот јазик од македонска редакција“. Тие се сместуваат на крајот од пасусот по долга црта (—) или на нов ред на крајот од речничката статија. Во нив се коментираат нетипични примери, коруптели, примери со несигурна припадност кон определена речничка статија и сл. Забелешките по потреба може да бидат воведени со зборот *Nota*/*Notae*.

*Клучни зборови:* „Речник на црковнословенскиот јазик од македонска редакција“; речничка статија; забелешки; *Nota*/*Notae*.

**Емилија ЦРВЕНКОВСКА**
Филолошки факултет *Блаже Конески* – Скопје
emilija@ukim.edu.mk

# Регионални јазични елементи во македонските триоди од XII и XIII век

Предмет на интерес во овој труд се лексичките и граматичките особености што ги покажуваат пет црковнословенски триоди настанати во периодот од XII до XIII век, сите припаѓаат кон западниот јужнословенски ареал, а тоа се Битолскиот, Загрепскиот, Шафариковиот, Орбелскиот и Хлудовиот триод, сите влегуваат во корпусот на ракописи одбрани за *Речникот на црковнословенскиот јазик од македонска редакција*.

При разгледување на триодите во контекст на други ракописи, пред сè од црковнословенската писменост настаната во регионот на Македонија во периодот од XII и XIII век, се гледаат сличности на лексичко, зборообразувачко и на граматичко рамниште.

Кај некои зборови се јавува ново значење, во преводите на некои грцизми се среќаваат оригинални решенија. Се забележува дијалектна лексика што ги поврзува текстовите со определена дијалектна средина.

Присуството на литургиски грцизми се должи на настанокот на овие преводи во контактната словенско-грчка зона. Општа лексика со творештвото на Климент Охридски укажува на просторот каде што се настанати овие текстови.

Регионалните јазични обележја на разгледуваните триоди неопходно се потврдуваат и со некои граматички карактеристики: редуцирање на падежниот систем, појава на аналитичка компарација, удвојување на објектот и сл. Овие промени се одраз на формите на живиот јазик.

Особен влог во создавањето на преводите на словенската химнографија, како и на оригиналното химнографско творештво, дал охридскиот книжевен центар. Голем дел од разгледуваните ракописи се поврзуваат со широкиот појас на јужните и западните македонски говори, една поширока област на која се одвивала, веројатно во повеќе скриптериуми, дејноста на Охридската книжевна школа.

*Клучни зборови:* триод; црковнословенски јазик; лексика; граматика; Климент Охридски.

**Илија ЧАШУЛЕ**
ilijacasule@gmail.com

## Радмила Угринова-Скаловска и македонската историска лингвистика

Се разгледува основоположничкиот придонес на Радмила Угринова-Скаловска како професор по Старословенски јазик и Споредбена граматика на словенските јазици и како раководител на Катедрата за македонски јазик при Филолошкиот факултет во Скопје. Таа е и меѓу првите дипломци на истата катедра, основач на Одделението за историја на македонскиот јазик при Институтот за македонски јазик „Крсте Мисирков“, како и автор на првата програмска етимолошка свеска. Се истакнува и нејзината долгогодишна предана педагошка работа општо, но и како професорка која мене лично ми го отвори патот кон историската наука за јазиците.

**Марија ЧИЧЕВА АЛЕКСИЌ**
Институт за старословенска култура, Прилеп
maralyu@yahoo.com

# Семантичкото поле на глаголите со значење на работење и делување во црковнословенските текстови и нивните грчки прототипи

Трудот го разгледува семантичкото поле на глаголите со значење на работење и делување, односно т.н. *verba faciendi*, во црковнословенските текстови од македонската редакција во споредба со нивните грчки прототипи. Анализата се заснова врз податоци од грчко-црковнословенските лексички паралели, како и од библиски и литургиски текстови.

Во фокусот се глаголите кои во грчкиот јазик означуваат правење, работење, напор и довршување (ποιέω, πράττω, ἐργάζομαι, κατεργάζομαι, ἐπιτελέω, κάμνω, πονέω и др.) и нивните црковнословенски еквиваленти. Се анализираат начините на семантичка адаптација, изборот на лексички средства и улогата на деривациските модели во процесот на преведување.

Целта е да се покаже дека пренесувањето на овие глаголи не се одвива на ниво на проста лексичка еквиваленција, туку претставува резултат на сложени преведувачки и интерпретативни стратегии, кои придонесуваат за формирање на специфични семантички нијанси во црковнословенскиот јазик.

*Клучни зборови:* црковнословенски јазик; лексичка семантика; verba faciendi; грчки прототипи; преводна традиција.

CIP - Каталогизација во публикација
Национална и универзитетска библиотека „Св. Климент Охридски“, Скопје

811.163.1-05Угринова-Скаловска,Р.(062)
811.163.3-05Угринова-Скаловска, Р.(062)
811.163.1(062)
811.163.3(062)

МЕЃУНАРОДНА научна конференција 100 години од раѓањето на проф. д-р Радмила Угринова-Скаловска (Скопје)
Книга на апстракти [Електронски извор] / Меѓународна научна конференција 100 години од раѓањето на проф. д-р Радмила Угринова-Скаловска ; [уредници Емилија Црвенковска, Марија Паунова, Борче Арсов]. - Скопје : Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ - Скопје, Филолошки факултет "Блаже Конески", 2026

Начин на пристапување (URL):
https://efaidnbmnnnibpcajpcglclefindmkaj/https://flf.ukim.mk/wp-content/uploads/%D0%9A%D0%9D%D0%98%D0%93%D0%90-%D0%9D%D0%90-%D0%90%D0%9F%D0%A1%D0%A2%D0%A0%D0%90%D0%9A%D0%A2%D0%98-%D1%84%D0%B8%D0%BD%D0%B0%D0%BB%D0%BD%D0%B0-v.4-2.pdf.
- Текст во PDF формат, содржи 47 стр. - Наслов преземен од екранот. - Опис на изворот на ден 17.06.2026

ISBN 978-608-234-135-4

а) Угринова-Скаловска, Радмила, 1926-2018 -- Собири б) Старословенски јазик -- Собири в) Македонски јазик -- Собири

COBISS.MK-ID 68943621